ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. 04-190/2
21.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24, член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15 и 35/18) и Правилникот за систематизација на работните места во Институтот за акредитација на Република Македонија 02-55/1 од 22.01.2016, и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Институтот за акредитација на Република Македонија 02-110/2 од 21.02.2018, в.д.директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 02/2018

за пополнување на работно место со унапредување на 1 административен службеник од Група I, подгрупа II во „Институт за акредитација на Република Македонија "

1.Се објавува интерен оглас по втор пат за унапредување на еден административен службеник на непополнето работно место:

1.1. АКР -01-02-Б04-003 Раководител на одделение за акредитација на медицински лаборатории- Сектор за акредитација на лаборатории. Број на извршители: еден извршител (1)

**-Посебни услови утврдени со актот за систематизација согласно Законот за адмнистративни службеници:**

**-Степен и вид на образование:** ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/ 1 степен: **хемиска технологија, биологија, ветеринарна медицина;**

**-Работно искуство** - четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор

**-други посебни услови:**
регистриран оценувач во ИАРМ или друго тело за акредитација
-2 години работно искуство во областа на акредитација и/или оцена на сообразност

**- Општи работни компетенции за напредно ниво**:
- Решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг